Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 216/0306
10.10 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 14.09.2023 година, врз основа на примена жалба од Александра Денковска Гоцевска за Плус Инфо ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**Текстот со наслов: „ДА НЕ ИЗГОРИ И ВИСТИНАТА ЗА ПОЖАРОТ ВО ТЕТОВСКАТА БОЛНИЦА Убиство или лошо менаџирање на модуларната – кој е во погрешен филм?“, отстапува од професионалните и етичките стандарди утврдени во Кодексот на новинарите на Македонија и Насоките за етичко известување на онлајн медиумите.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

# ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 18 август 2023 година од Александра Денковска Гоцевска пристигна жалба за текстот: „ДА НЕ ИЗГОРИ И ВИСТИНАТА ЗА ПОЖАРОТ ВО ТЕТОВСКАТА БОЛНИЦА Убиство или лошо менаџирање на модуларната – кој е во погрешен филм? ж“, објавен истиот ден во Плус Инфо.мк.

Жалителот наведува во жалбата дека медиумот и авторот воопшто не ги побарал новинарите од ИРЛ за да ја слушне нивната страна, а притоа оценува дека „истражувачката сторија на ИРЛ е „еднострана и недоволно го почитува правилото audiatur et alera pars (да се слушне другата страна)“. Жалителката потоа наведува дека новинарот тврди дека „Изборот на извори е селективен и пристрасен, дека „дел од обемната документација поврзана со изградбата на модуларната болница е презентиран нецелосно и еднострано“, „како и дека секој медиум има право на сопствено мислење“.

Документарниот филм на ИРЛ не се базира на мислењето на новинарите, туку на повеќе од 5.000 документи и експерти, наведува жалителката. Голем дел од документацијата е објавена на веб страницата на ИРЛ. Како што пишува и самиот автор на текстот, професионална и етичка обврска на новинарот е да ги презентира фактите, но во оваа сторија не е прикажан ниту еден факт – наведува жалителката.

# ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, побара од Плус Инфо да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Од медиумот до СЕММ пристигна одговор во чии делови авторот меѓу другото наведува:
„Не е точно дека во наведениот текст не е застапена другата страна, во случајов ИРЛ. Напротив. Во текстот, под меѓунасловот „Која е верзијата на ИРЛ?“ се наведени најважните тези за трагедијата во Тетово“. Потоа и дека „авторот на текстот немал потреба да ги „побара новинарите од ИРЛ за да ја слушне нивната страна“. Во опширната анализа се наведени клучните ставови од документарецот „Убиството во Тетово“, кој е објавен и јавно достапен. Потоа, во одговорот се наведува дека авторот останува на изнесениот став во анализата дека „истражувачката сторија на ИРЛ е еднострана и недоволно го почитува правилото audiatur et alera pars (да се слушне другата страна)“ и останува и на тврдењето: „Изборот на извори е селективен и пристрасен. Дел од обемната документација поврзана со изградбата на модуларната болница е презентиран нецелосно и еднострано“, се наведува, меѓу другото, во одговорот од Плус Инфо.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби со мнозинство гласови утврди дека жалбата е основана и дека има нарушување на Кодексот во членот 16.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

На седницата одржана на 14 септември 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во оспорената содржина.

Членовите на Комисијата најпрво констатираа дека темата е од голем јавен интерес, но и дека не е вообичаено во медиумскиот простор да се прави анализа на истражувачка сторија на друг медиум, при што сторијата се отфрла како нецелосна и работена врз селективни извори и факти.

Поради тоа, мнозинство од членовите на Комисијата сметаа дека е нарушен членот 16 од Кодексот, кој наведува дека новинарот нема да го користи својот медиум за пресметки со колеги и против други медиум.

„Во овој случај новинарот користејќи ја веќе објавената работа од ИРЛ и нивните сознанија, објавува свој приказ и видување за истата ситуација", беше кажано во расправата.

„Сосема е во ред медиумите да отвораат други агли во однос на темата, да контактираат други извори, но во случајов постои доза на интенција да се прикажат наодите на ИРЛ како неверодостојни", гласеше дел од дискусијата.

Дел од членовите на Комисијата, исто така, сметаа дека има основа за нарушеност по член 1, затоа што, иако авторот можеби е во право кога вели дека немал што да разговора со новинарите од ИРЛ зашто нивната истражувачка сторија е јавно достапен и презентиран новинарски труд, сепак, можел да наведе барем линк. Етичката целисходност на линкот би била да може неговата публика да го види тој документарец, за потоа да цени дали тезите што се изнесени во Плус Инфо одговараат на тезите во документарецот на ИРЛ. Вака, се интерпретираат тезите, наместо да има можност читателите сами да ги видат. Освен тоа, во воведот на својата анализа, Плус Инфо наведува погрешен факт, дека во документарецот трагедијата во Тетово била оквалификувана како убиство само „врз основа на исказ на една разрешена обвинителка", што не е точно.

Сепак, мнозинството во Комисијата сметаше дека нема нарушување на Кодексот по однос на член 1, поаѓајќи од правото на секој медиум да прави анализи, како и од фактот дека не морал

да ги побара новинарите од ИРЛ за да пишува, бидејќи предмет на анализата е јавно објавен и достапен новинарски труд, итн.

Но, сепак, бидејќи е толку невообичаено и непринципиелно да се прави анализа на туѓа истражувачка сторија која толку силно се коментираше во јавноста, мнозинството од Комисијата оцени дека постои извесен степен на тенденциозност кој може да се подведе под одредбите од член 16 од Кодексот и во таа насока донесе и таква одлука.

***

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Мери Јордановска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595